РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-10303/1
23-07 2019 год.
СКОПЈЕ

Друштво за агенциски и туристички работи и други услуги
ГОЛДЕН ТУР ДООЕЛ
Бр. 52/19
17.07 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ХОТЕЛСКО СМЕСТУВАЊЕ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Агенција за катастар на недвижности** ул. „Трифун Хаџи Јанев“ бр. 4 Скопје, Република Северна Македонија, застапувана од **директор Борис Тунџев**, во понатамошниот текст „Договорен орган“ од една страна,

и

2. **Друштво за агенциски и туристички работи и други услуги ГОЛДЕН ТУР ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. „Народен фронт“ бр. 1-1/локал Д 43, 1000 Скопје, застапувано од **управител/директор Александра Стојанова,** со жиро-сметка бр. 300-0000043282-73 депонент на Комерцијална банка и даночен број 4080018575416 во понатамошниот текст: „Носител на набавката“.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката во врска со јавната набавка на **услуги за хотелско сместување** за потребите на Агенцијата за катастар на недвижности за 2019 година, согласно со Техничката спецификација бр. 1034-166/2 од 31.05.2019 година, по поедноставена отворена постапка со Оглас бр. **01595/2019** година, зав.арх. бр. 1034-166/3 од 31.05.2019 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2019 од 03.06.2019 и согласно со Понудата на економскиот оператор доставена во електронска форма преку ЕСЈН од 31.05.2019 година, без процент на намалување.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот и другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, се на македонски јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена за набавка на услугата изнесува **2.000.000** (два милиони) денари без ДДВ и ДДВ во висина од 18% во износ од **360.000** (триста и шеесет илјади) денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од **12 (дванаесет) месеци** почнувајќи од 31.08.2019 година.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Носителот на набавката го гарантира навременото и квалитетно извршување на Договорот со доставување банкарска гаранција.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5 % од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на извршената услуга/и верификувано од субјектот кој ќе врши контрола на квалитетот на испорачаната услуга/и;

- во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

**Носителот на набавката ја доставува гаранцијата за извршување на договорот во рок од 5 (пет) дена од денот на известувањето.**

**Ако Носителот на набавката не ја достави банкарската гаранција во договорениот рок, Договорниот орган може еднострано да го раскине Договорот.**

Гаранцијата за извршување на договорот, во услови на навремено и квалитетно извршување на Договорот, му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Доколку Носителот на набавката нема да ја испорача услугата што е предмет на набавката во рокот определен во член 8 од овој договор, должен е да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,3 % од вредноста на неизвршените услуги за секој ден на задоцнување, но не повеќе од 5 % од вкупната вредност на Договорот определена во член 3.

Договорниот орган ќе дозволи Носителот на набавката да ја испорача услугата што е предмет на овој договор во текот на наредниот 1 (еден) календарски ден сметајќи од последниот ден на рокот определен во член 8 од овој договор.

Доколку Носителот на набавката не ја изврши услугата, во случај на 2 (два) последователни повика за извршување на услугата/ите, Договорниот орган има право да го раскине Договорот за испорака на услугата по претходно доставено

писмено известување до Носителот на набавката, во дополнително определен рок од 1(еден) ден.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

## VIII. НАЧИН И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши со доставување фактура најдоцна во рок од 60 дена.

Фактурата треба да ги содржи следниве елементи, покрај оние пропишани со закон, и тоа:

- Релација
- Период на реализација на патувањето
- Лица кои патувале
- Процент на агенциска провизија
- Износ на одобрен попуст според процент на агенциска провизија
- Потпис и печат на одговорното лице
- Износ на хотелската услуга-сместување со доставување фотокопија од оригиналната фактура заверена со печат и со потпис од Носителот на набавката
- Износ на одобрениот попуст за хотелското сместување

## IX. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

### Член 8

Реализацијата на услугите што се предмет на набавката ќе се изврши на тој начин што Договорниот орган ќе достави писмено барање (по е-пошта) до Носителот на набавката, кое ќе ги содржи следните податоци: почетна и крајна дестинација на патувањето, датум на тргнување и враќање, вкупен број на хотелски резервации и лица за кои треба да се изврши резервацијата.

Носителот на набавката за поднесеното барање од страна на Договорниот орган доставува најмалку три понуди за бараната дестинација веднаш, односно најдоцна во рок од 1(еден) ден од приемот на барањето.

Понудата треба да содржи: дестинација на патувањето, датум на тргнување и враќање, име и презиме на лицата кои ќе патуваат, составни елементи на цената, одобрениот попуст и крајната цена на хотелскиот ваучер. Носителот на набавката доставува најповолна и најекономична понуда за хотелското сместување.

Во цената од понудата, Носителот на набавката мора да го вклучи и посебно да го изрази попустот кој е соодветен на процентот на попустот на агенциската провизија даден во понудата, добиен по спроведената електронска аукција.

*Договорниот орган го известува Носителот на набавката за избраната* понуда.

Носителот на набавката е должен по добивање на одобрениот предлог во рок од 1 (еден) ден да достави потврда/доказ за резервација за бараната услуга до задолженото лице за следење на реализација на Договорот.

## X. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува навремено да го известува Договорниот орган и да достави понуда која треба да ги содржи елементите утврдени во член 7 од Договорот.

Носителот на набавката се обврзува на максимална флексибилност во поглед на промена на бројот и видот на резервации, промена на дестинацијата или откажување на барањето сè до моментот на издавање на хотелскиот ваучер, односно најдоцна до работниот ден кога е издаден хотелскиот ваучер.

Откако ќе биде известен која понуда е прифатена, Носителот на набавката се обврзува да изврши резервација на хотелски ваучери.

**Член 10**

Носителот на набавката се обврзува дека нема да врши корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за одредена дестинација до денот на подигањето, односно испораката на хотелските ваучери.

## XI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 11**

Договорниот орган се обврзува до Носителот на набавката навремено да доставува барања за набавка на хотелско сместување, и тоа во писмена форма (по е-пошта).

По извршениот избор, Договорниот орган се обврзува писмено (по е-пошта) да го извести Носителот на набавката за избраната понуда.

**Член 12**

Договорниот орган е должен да ја исплати договорената цена на Носителот на набавката по извршувањето на услугата/ите во рок од 60 (шеесет) дена од денот на доставувањето на фактурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

## XII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 13**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XIII. ВИША СИЛА

**Член 14**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување соодветен доказ.

По отстранување на пречките од вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIV. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 15**

Носителот на набавката одговара за недостатоците на услугата/ите утврдени по нејзиното извршување.

**Член 16**

Недостаток постои:

1) ако услугата/ите ги нема или не ги обезбедува потребните својства за нејзина редовна употреба;

2) ако услугата/ите ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или мора да му биде позната;

3) ако услугата/ите ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчено договорени, односно пропишани.

**Член 17**

Во известувањето за недостатокот на услугата/ите Договорниот орган е *должен подробно да го опише недостатокот и да го повика Носителот на* набавката да ја прегледа извршената услуга/и.

Ако задоцни или воопшто не стигне известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, електронска пошта или на некој друг сигурен начин, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

**Член 18**

Доколку Договорниот орган навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот, може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот;

2) да бара намалување на цената; и

3) да изјави дека го раскинува Договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што ја претрпел на другите свои добра поради недостаток на услугата/ите, и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

**Член 19**

Договорниот орган може да го раскине Договорот само ако претходно му определил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок од 2 (два) дена за исполнување на Договорот.

Договорниот орган може да го раскине Договорот и без определување дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни Договорот или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни Договорот ни во дополнителниот рок.

## XV. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 20**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

Ако една од договорните страни не ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето, одговара договорната страна на која другата договорна страна ѝ определила примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека тоа што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила навреме.

**Член 21**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на Договорот кои не можела да ги спречи, да ги отстрани или да ги избегне.

**Член 22**

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред да се исклучи со договор.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

**Член 23**

Договорната страна има право на надомест на обична штета и испуштена корист кои другата договорна страна мора да ги предвиди во време на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на Договорот, со оглед на фактите што тогаш ѝ биле познати или мора да ѝ бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на Договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместокот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на Договорот, должна е да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместокот.

## XVI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Овој договор се смета за склучен и стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала, во случај Договорот да не е потпишан во ист ден од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност од двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи. Ако една од договорните страни нема да ја исполни својата

обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинување на овој договор.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат, сите спорови ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**Член 25**

За сè што не е предвидено со овој договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право да ги пренесе своите обврски на трета страна, без заемна писмена согласност.

**Член 27**

Овој договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци, а 2 (два) примерока се за Носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ Скопје | **Друштво за агенциски и туристички работи и други услуги** ГОЛДЕН ТУР ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| **Директор** | **Управител/Директор** |
| **м-р Борис Тунџев** | **Александра Стојанова** |

Изработил: Христина Шулевска
Контролирал: Лидија Попова
Согласен: Сашо Бошески